**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Скопје, април 2020 година

# Листа на идентификувани системски значајни банки

Согласно со регулативата[1], Народната банка на Република Северна Македонија еднаш годишно врши пресметки за потребите на идентификување на системски значајните банки во Република Северна Македонија, го утврдува заштитниот слој на капиталот за секоја системски значајна банка и најдоцна до 30 април годината, ги објавува идентификуваните системски значајни банки на својата интернет-страница.

Системската значајност на одделните банки е показател исклучиво за нивната значајност за банкарскиот систем и економијата и не треба да се поврзува со профилот на ризик на поединечните банки. Дополнителниот заштитен слој на капиталот за секоја системски значајна банка придонесува за натамошно зајакнување на нивната капитална позиција, со што се зголемува и нивната стабилност и отпорност на потреси, што, пак, придонесува за зајакнување на стабилноста на целокупниот банкарски систем.

При оцената на системската значајност, Народната банка го применува квантитативниот пристап, односно критериумите и квантитативните показатели определени во главата II од Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки. Квантитативниот пристап за идентификување на системски значајните банки се заснова врз четири критериуми на системска значајност: големина, заменливост, поврзаност и сложеност. Секој критериум има еднаков придонес (еднаков пондер на значајност) во утврдувањето на сумарната оцена за системската значајност на секоја банка и се состои од еден или повеќе квантитативни показатели. Просекот на вредноста на квантитативните показатели вклучени во одделните критериуми ја определува значајноста на секоја банка според секој критериум. Согласно со Одлуката (точка 12 став 3), Народната банка задолжително ги преоценува интервалите на одделните поткатегории на системска значајност, најмалку еднаш во три години. Овие интервали за првпат беа утврдени со состојба на 31.12.2016 година, а оваа година Народната банка ги преоцени интервалите на одделните поткатегории на системска значајност врз основа на пресметките со состојба на 31.12.2019 година. Овие интервали ќе останат фиксни најмногу три години.

[1] Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр.67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-zakon-za-bankite.nspx , Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/17), http://www.nbrm.mk/content/Regulativa/Upatstvo_Odluka_identifikuvanje_sistemski_znacajni_banki.pdf и Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на РМ“ бр. 34/17, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/20), http://www.nbrm.mk/content/Regulativa/Upatstvo_Odluka_identifikuvanje_sistemski_znacajni_banki.pdf .

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. „Кузман Јосифовски-Питу“ бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-175
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-348
**www.nbrm.mk**

**Критериуми на системска значајност и квантитативни показатели**

| Критериум на системска значајност (пондер на значајност) | Квантитативен показател (се пресметува за секоја банка, како соодност на одделната позиција за секоја банка и истата позиција на ниво на банкарскиот систем) | Пондер на квантитативниот показател во рамки на критериумот | Пондер на квантитативниот показател во вкупната пресметка |
|---|---|---|---|
| **Големина (25%)** | Билансни и вонбилансни активности | 100% | 25% |
| **Заменливост (25%)** | Кредитна изложеност кон нефинансиските лица | 25% | 6,25% |
| | Депозити на нефинансиските лица | 25% | 6,25% |
| | Кредитна изложеност кон 20-те најголеми должници нефинансиски лица на ниво на банкарскиот систем | 25% | 6,25% |
| | Интрабанкарски платен промет | 25% | 6,25% |
| **Поврзаност (25%)** | Промет на меѓубанкарскиот пазар | 33,3% | 8,33% |
| | Промет на девизниот пазар | 33,3% | 8,33% |
| | Платен промет преку платните системи | 33,3% | 8,33% |
| **Сложеност (25%)** | Пласмани во и обврски кон странски финансиски институции | 50% | 12,5% |
| | Платен промет со странство | 50% | 12,5% |

Врз основа на критериумите и квантитативните показатели од оваа табела, а коишто се детално прикажани во прилогот бр. 1 од Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки, за секоја банка во Република Северна Македонија се пресметува сумарна оцена, како просечна вредност на критериумите за таа банка. „Развојната банка на Северна Македонија" АД Скопје е исклучена од пресметките за идентификувањето системски значајни банки. Сите банки чијашто сумарна оцена е еднаква или поголема од пресечната точка помеѓу системски значајни и системски незначајни банки (утврдена со регулативата на нивото од 350 базични поени) претставуваат системски значајни банки.

Според пресметките врз основа на податоците за 31 декември 2019 година, како системски значајни банки се идентификувани седум банки, што е помалку за една банка во однос на претходната пресметка (според азбучен редослед):

- „Комерцијална банка" АД Скопје
- „НЛБ банка" АД Скопје
- „Охридска банка" АД Скопје
- „ПроКредит банка" АД Скопје
- „Стопанска банка" АД Скопје
- „Халк банка" АД Скопје
- „Шпаркасе банка Македонија" АД Скопје.

Во зависност од сумарната оцена и поткатегоријата на системска значајност во која припаѓаат, системски значајните банки се должни да одржуваат заштитен слој на капиталот за системски значајни банки, чијашто висина може да изнесува од 1% до 3,5% од активата пондерирана според ризиците.

Во продолжение се дадени интервалите на секоја поткатегорија на системска значајност и соодветната висина на заштитниот слој на капиталот за системски значајните банки.

**Заштитен слој на капиталот за секоја поткатегорија на системска значајност**

| **Поткатегорија на системска значајност** | **Интервал на сумарната оцена** | **Заштитен слој на капиталот за системски значајни банки** |
|---|---|---|
| 5 | над 3.097 | 3,5% |
| 4 | над 2.410 до 3.097 | 2,5% |
| 3 | над 1.724 до 2.410 | 2,0% |
| 2 | над 1.037 до 1.724 | 1,5% |
| 1 | 350 до 1.037 | 1,0% |

Според последните пресметки со состојба на 31.12.2019 година, идентификуваните системски значајни банки треба да одржуваат капитал во висина помеѓу 1% и 2,5% од активата пондерирана според ризиците.

Системски значајните банки коишто се објавени на оваа листа се должни да ја исполнат утврдената висина на заштитниот слој на капиталот најдоцна до 31 март 2021 година.

Народна банка на Република Северна Македонија